ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

**ОКТА најголемиот снабдувач на горива во земјата, објавува конкурс за ПЛАТЕНА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА во соработка со Машински факултет**

Услови за аплицирање:

1. Студентот да биде 3-та или 4-та година на студии од прв циклус или студент од втор циклус студии.
2. Студентот да има средно познавање на англиски јазик.
3. Студентот да има познавање на Microsoft Office и AutoCAD

Времетраење на пракса:

Практикантот ќе биде континуирано присутен на платена пракса во ОКТА АД – Скопје, извршувајќи задачи во Сектор Инсталациски постројки, во временски период од 1 до 3 месеци, со полно работно време. **Праксата ќе започне на 01.07.2025 година**.

Компанијата има обврска да обезбеди:

- ментор на практикантот
- храна и превоз на практикантот за целото времетраење на праксата
- потврда за остварена пракса на студентот со потпис од овластено лице и печат од компанијата, заверена со архивски број

Цели на праксата

- Очекувани цели од ангажманот се практикантот да стекне практични знаења и вештини, како и да се здобие со искуство од работа во корпоративна средина.
- Практикантот ќе биде под менторство во Сектор Инсталациски постројки, истовремено асистирајќи во повеќе области на работа.
- Секторот Инсталациски постројки е под дирекција Оператива и ги опфаќа следниве активности – учество во изработката на спецификации за набавка на резервни делови и материјали неопходни за одржување на опремата, изработка на скици за полесно дефинирање и реализација на порачките за работа, соработка со надворешни изведувачи, изработка на проектна документација итн. Практикантот ќе има директна можност за зголемување на своето знаење од аспект на инсталациски постројки, Microsoft Office, AutoCAD и деловна комуникација. Ќе има директна можност за зголемување на своето практично знаење во однос на инсталациите за складирање и преточување на запалливи течности како и од аспект на водење на проекти, Microsoft Office, AutoCAD и деловна комуникација.

Сите кандидати е потребно да испратат CV и копии од документи и уверенија кои потврдуваат дека кандидатот ги исполнува условите, на следниот контакт okta_career@helpe.gr**.** При испраќање на апликацијата кандидатите потребно е да назначат во Subject – Пракса во Сектор Инсталациски постројки – машинско одржување.

Избраните кандидати ќе бидат повикани на интервју, по што ќе се направи финален избор на кандидати и ќе се потпише Договор за соработка со избраниот кандидат.

**Огласот е отворен најдоцна до 22.06.2025 год.**